Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко
општество и администрација
Ministria e Shoqërisë
Informatike dhe Administratës
Бр. - Nr 14-568/29
16.12.2022 год. - viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Примено / E pranuar: 16.12.22
Орг. Един. / Nj. org: 14-568/29

# Записник од 59 -та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство | | |
| **Датум** | 09.12.2022 година | **Време** | 12.00 – 14.00 часот |
| **Бр. на седница** | 59-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Дрита Муртезани (МИОА), Владислав Бидиков и Кирил Ќироски (ИТ експерти на ФИНКИ) | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, Мишко Талески и Букурије Јашари | | |

| ДНЕВЕН РЕД |
| --- |
| 1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 02.12.2022 година;<br>2. Усвојување на Предлози и коментари на НКБК за новиот предлог текст на Националната ИКТ стратегија во делот Дигитална поврливост;<br>3. Разно. |
| ; |
| |

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 59-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни сите членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите присутни членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 58-та седница, одржана на 02.12.2022 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, Националната канцеларија за бродбенд компетентност дискутираше за подготвените предлози и коментари на телото за новиот предлог текст на Националната ИКТ стратегија за столбот Дигитална поврзливост. Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, на почетокот направи осврт на подготвениот материјал за деловите од столбот 1 од стратегијата, односно внесените забелешки и предлози за подобрување на содржината на документот. Целта на овој столб е да се зајакне основата за идна дигитална трансформација, додека главната стратешка цел е обезбедување гигабитно поврзување до интернет за граѓаните и јавните институции во целата земја.

По завршувањето на дискусијата и работата на предлозите и коментарите, Буковалов го стави материјалот на гласање.

**Заклучок** : Членовите на НКБК едногласно ги усвоија предлозите и коментарите за новиот предлог текст на Националната ИКТ стратегија во делот Дигитална поврливост и истите официјално ќе бидат доставени до министерот за информатичко општество и администрација.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно“, не се отвори дополнителна дискусија.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________